РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

УП1 Број / Numer 08-51
19.02.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3632/1 од 22.08.2025 година, Одлуката Уп1 бр.08-43 од 5.2.2026 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, Уп1 бр.08-141 од 18.03.2019 година и Заклучокот арх.бр.02-624/4 од 18.02.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 7. седница одржана на 18.2.2026 година, донесе

## Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 85 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата. Согласно ставот 2 од цитираниот член од Законот, Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да му важи согласно со член 85 став 1 од ЗАВМУ.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 5. седница одржана на 3.2.2026 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-418/5 од 3.2.2026 г., донесе Одлука Уп1 бр.08-43 од 5.2.2026 г. со која ја одзеде дозволата на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, Уп1 бр.08-141 од 18.03.2019 г., затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, односно поради тоа што радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување и поради тоа што имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од ЗАВМУ, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата, Одлуката Уп1 бр.08-43 од 5.2.2026 г. за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, Уп1 бр.08-141 од 18.03.2019 г. и

Заклучокот арх.бр.02-624/4 од 18.02.2026 година, Советот на Агенцијата, на 7. седница одржана на 18.2.2026 година, донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

______________________________
**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп;
- Стечаен управник Емилија Котеска;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.